Република Македонија

Министерство за финансии



Број 03-60/5
20-09-2016 .2016 година
Скопје

Врз основа на член 49, став 1 и член 55, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 26, став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", бр. 136/07,130/08,97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15 192/15, 27/16 и 120/16), а во врска со Правилникот за формата и содржината, како и начинот на изготвувањето на Годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ", бр. 84/12) и Уредбата за Општиот поимник за јавни набавки („Службен весник на РМ", бр.168/08), Министерот за финансии донесува

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА 2016 ГОДИНА

Во Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Министерството за финансии, бр.03-60/1 од 5.01.2016 година, бр. 03-60/2, од 16.2.2016 година, бр.03-60/3, од 23.2.2016, и бр.03-60/4, од 5.4.2016 година, се додаваат следните дополнувања и забелешка:

1. Во Глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, по точката 49, се додава нова точка 50 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 50 | Изнајмување на мултифункциски машини со обезбедување на потрошни материјали | | септември | 7.900.000,00 | Отворена постапка | |

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.

2. Во Глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги во точките 24.„Одржување и сервисирање на системот за видео надзор, 25.„Одржување и сервисирање на системот за контрола на пристап", 26.„Одржување на системот за пожарен систем за детекција", 27.„Одржување на системот за гасење со аргонит", 28.„Одржување на системот за детекција на штетни гасови ЛПГ и ЦО", 29.„Одржување на системот за озвучување и системот за видео конференција", 30.„Одржување на системот за сателитска и кабловска телевизија", 31.„Одржување и сервисирање на спринклер системот-водни пумпи во зградата на Министерството за финансии", 32.„Одржување на клима коморите во зградата на Министерството за финансии и системот за греење и ладење", 33.„Одржување на системот за топла вода и соларни колектори", 34.„Одржување на системот за резервно батериско напојување УПС", 35.„Одржување на БМС системот за автоматизација на зградата на Министерството за финансии", и 36.„Одржување на системот за ЛЕД осветлување и внатрешно осветлување во зградата на Министерството за финансии", во колоната 7 „забелешка" се внесува следната забелешка: „постапката нема да се спроведува бидејќи ќе се спроведе нова јавна набавка: Тековно одржување на зградата на Министерството за финансии во која ќе биде содржан и предметот на постојната јавна набавка".

3. Во Глава II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, по точката 77, се додава нова точка 78 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 78 | Тековно одржување на зградата на Министерството за финансии | | септември | 4.000.000,00 | Отворена постапка | |

м-р Кирил Миноски
Министер за финансии

Изработил: Панче Чоневски
Рената Здравкоска
Проверил: Дарко Јакимовски

Овој документ е интелектуална сопственост на МФРМ за интерна употреба. Не смее да се копира и изнесува без писмено одобрение од лицето што го одобрува.